**Општинско основно училиште**
**„Кочо Рацин“ - Куманово**

# Годишен извештај за работа на Училиштето во учебната 2019/20 год.

јули, 2020 год.

Врз основа на член 113 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 год), директорот поднесува Извештај за постигнатите резултати во ВОР

Целта на извештајот е да се даде осврт на целокупната работа на Училиштето, постигнатите резултати во наставата и воннаставните воспитно - образовни подрачја, како и констатирање на позитивните страни и евентуалните пропусти со препораки и предлог-мерки за нивно надминување.

И во оваа учебна година ВОР во ООУ„Кочо Рацин“ Куманово беше организирана во седум објекти – училишта: централно, во населбата „Гоце Делчев“ и во ПУ с. Орашац, од прво до деветто одделение; во ПУ с. Орашац одделенската настава се одвиваше во две комбинирани паралелки, а предметната настава – во четири чисти паралелки; во во ПУ с. Доброшане наставата се одвиваше во пет чисти паралелки од прво до петто одделение, во селата Биљановце  и Кучкарево во две комбинирани паралелки, а во селата  Габреш и Градиште во по една комбинирана паралелка од прво до петто одделение.

Наставата во Централното училиште се изведува во училишен објект кој е во употреба од 1983 година, кој редовно се одржува и во последниве години се заменети речиси сите прозорци на училниците и на дел од еден ходник. Продолжи естетско и функционално уредување на училишниот простор со што се подобри амбиенталниот изглед на Училиштето. Од пред четири учебни години Училиштето е приклучено на гас. Предминатата учебна година преку проектот *Сложувалка,* во соработка со Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет Куманово, Кратово и Крива Паланка –*Мобилност,* на западната страна на училиштето и игралиштето беше изградена прилагодена патека/рампа за потребите на ученици со телесни пречки во развојот, како и преадаптација на по еден од постоечките тоалети во предметна и одделенска настава.  Оваа учебна година, Централното училиште се варароса со донирани средства од вработените, родителите, а дел обезбедени преку Локалната самоуправа. Преку донација од родители предминатата учебна година беше обезбеден асфалт за помошно едукативно игралиште за одделенска настава, коешто максимално беше користено во оваа учебна година. Исто така беше извршена санација на потпорниот ѕид на влезот на училиштето, во соработка со локалната самоуправа и истиот беше осликан од членовите на ликовната секција *Ван Гог.* Објектот во с. Доброшане е целосно реновиран во 2002 год. и модерно опремен, а во с. Биљановце наставата се изведува во стар, но реновиран објект со внатре изграден современ санитарен јазол. И во остатнатите подрачни училишта се вложува во одржувањето и уредувањето според можностите на Училиштето, со помош на локалната зедница, родителите и наставниците.

Со години score наназад Централното училиште е оптоварено со голем број паралелки, особено во предметната настава и е оневозможена кабинетска настава, иако при проектирање на зградата истата била конципирана. Посебен проблем се создаде во прво одделение, со воведување на новиот НПП, поради неприлагоденоста на просторот (мали простории) на потребите и бројот на учениците, како и само три простории наменети за овие ученици, кои се распределени во пет паралелки, што наложува двосменско работење на ова одделение. Во Централното училиште  наставата се одвиваше во две смени кои се менуваа на две недели. Во подрачните училишта се работеше само во прва смена.

Второто полугодие започна на 21.01.2020 год. НПП во целост е реализиран според планираното до 10.03.2020 год. Од 11.03.2020 год. до 10.04.2020 год., согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба со дел. бр. 44-2445/1 од 23.03. 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 76/2020)  и известување од Министерството за образование и наука со бр. 08- 4147/1 од 23.03.2020 и одлука на  директорот на ООУ „Кочо Рацин’’ Куманово,  наставата

беше организирана и реализирана преку далечинско учење (online) односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.

За таа цел беа направени модификации во планирањата на наставниците, во делот на начинот на реализација со користење на пристап, методи и техники соодветни за овој вид настава, а во согласност со можностите што ги нудат електронската платформа, мрежи и едукативните алатки што се користат, како и во начинот на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците.

Во учебната 2019/20 год. наставата ја посетуваа вкупно 1245 ученици, а на почетокот беа запишани 1256.

Централно училиште

| одд. | I | II | III | IV | V | I- V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 25 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 | 45 |
| учен. | 132 | 111 | 113 | 117 | 131 | 604 | 143 | 129 | 135 | 121 | 519 | 1132 |

ПУ с. Доброшане

| odd. | I | II | III | IV | V | I -V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| par. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| u~en. | 10 | 6 | 9 | 5 | 9 | 39 |

ПУ с. Биљановце

| odd. | I, II, III, | | | IV, V | | I- V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| par. | 1 | | | 1 | | 2 |
| уч. | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 18 |

ПУ с.Орашац

| odd. | I, II, III, | | | IV, V | | I - V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| par. | 1 | | | 1 | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| u~. | 1 | 3 | 3 | 3 | 2 | 12 | 7 | 9 | 2 | 9 | 27 | 39 |

ПУ с. Габреш

Една комбинирана паралелка од: прво – 2 уч., второ одд. – 1уч. и четврто одд. – 1 ученик, вкупно 4 ученици.

ПУ с. Кучкарево

Една комбинирана паралелка од: второ одд. –2 учен, трето одд. – 1 уч., четврто – 3, петто – 1, вкупно 7 ученици.

ПУ с. Градиште

Една комбинирана паралелка од: прво одд. – 1 уч., второ одд. -2 уч., трето одд. – 3, вкупно 6 ученици.

Во Училиштето во оваа учебна година ВОД ја реализираа вкупно 87 наставници, од кои 6 наставници дополнуваа од други училишта; директор, педагог, двајца психолози, дефектолог и библиотекар.

Наставата се изведуваше на македонски наставен јазик, а од странските јазици, од прво до деветто одделение како прв странски јазик се изучуваше англискиот јазик, а како втор покрај германскиот,се изучува италијанскиот јазик, додека рускиот јазик како втор странски јазик се изучува само во ПУ с. Орашац.

Изборни предмети кои се изучуваат оваа година се: запознавање со религиите и класична култура во европската цивилизација во шесто одделение; нашата татковина, изборен спорт, техничко бразование и проекти од музичката уметност во седмо одделение; во осмо одделение – нашата татковина, проекти од информатиката, проекти од музичката уметност; во деветто одделение програмирање и изборен спорт во Централното и танци и народни ора во ПУ с.Орашац, со два часа неделно за еден од предметите.

Пред почетокот на оваа учебна година се извршени сите потребни подготовки за нормално започнување на наставната година: хигиено - технички услови за работа и подготвеност на инвентар.

Во месец јуни 2020 год. извршен е упис на учениците во прво одделение со почитување на сите мерки пропишани со Протокол донесен од МОН во услови на пандемија со Ковид – 19. Во паралелките од шесто одделение во Централно училиште, распределени се учениците од подрачните училишта од с. Доброшане и с. Биљановце, извршена е распределба на одделенски и предметни наставници по наставни предмети, одделенија, паралелки и часови и определени одделенски раководители на паралелките.

Пред почетокот на учебната година беше изготвен распоредот на часовите за редовната настава, а во текот на месец септември и распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава и истите беа истакнувани месечно на Веб страната и огласната табла на Училиштето.

Часовите за сите видови настава се реализирани според работните денови и НПП. Наставната година заврши со 179 наставни денови. Од 11.03.2020 година, наставата беше организирана и реализирана преку далечинско учење (online) односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.

**Реализација на утврдените приоритети**

| **Цел 1. Постигнување подобри резултати во наставата** | |
|---|---|
| **реализирано** | **нереализирано** |
| Детектирани талентирани и надарени ученици и вклучени во додатна настава и воннаставни активности | |
| Планирани и релизирани часови за зајакнување на вештини за критичко размислување и решавање проблеми | |
| Реализирани предвања на различни теми | Трибини и дебати |
| **Цел 2. Подобрување на условите за работа во Училиштето** | |
| | Замена на азбестен кров во Централно училиште и ПУ с. Биљановце |
| | Подобрување на состојба со дел од подови во училници и ходници во Централно училиште и дел од подрачните училишта |
| Заменет и набавен дел од инвентар | |

| **Цел 3. Зајакнување на соработката со локална и бизнис заедница за обезбедување на средства за подобрување на инфраструктурата** | |
|---|---|
| | Приклучување на ПУ с. Доброшане на локална канализациона мрежа |
| | Уредување еко – катчиња во училишен двор |

- за истакнување е дека Училиштето доби *СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ IASS 2019-2021,* издаден од Агенција за истражување, анализа, стандардизација и сертификација

- нашата ученичка Бисера Ќурчинска и наставникот - ментор Весна Тодоровска, со првонаградениот есеј на државно ниво, по повод 70 години од формирање на Советот на Европа, ја претставуваше нашата Држава во Стразбур

- Училиштето е прогласено за најспортско училиште за 2019 година на манифестација *Спортист на годината* од страна на Општински совет на спортови Куманово

- се вкучивме и во *Глобален час* на тема *Иднината на детството*

- одржани се повеќе отворени часови

- во време на пандемијата со Ковид -19 четири наши наставници се вклучија во изготвување на часови за платформата EDUINO

- соработка со збратименото основно училиште „Синав Колеџ" од Анталија, Турција, се одвиваше преку виртуелна комуникација. По повод 100 години од независноста на Турција и Денот на децата, учениците и наставниците по англиски јазик од трето и четврто одделение одржаа онлајн состанок

- продолжи реализацијата на двата *Еразмус* + проекти: *GOAL!* и *ESCEI* – координатор наставник Анита Димовска при што бевме домаќини на училиштата партнери од проектот ESCEI. Во рамки на проектите се реализираа следниве активности

- учество во *Еразмус* + проектот *ESCEI*- Европски научен конгрес за животна средина и екологија во Тарнобжег, Полска
- учество во *Еразмус* + проектот *GOAL!* (Учиме преку игри) во училиштето „Virginia Moura" во Гимараеш, Португалија
- видео час со ученици од партнер училиштето од Италија од проектот *GOAL*!
- како домаќини на *Еразмус* + проект *ESCEI*- Европски научен конгрес на животна срединана и екологија на тема „Справување со отпад -Сортирање, рециклирање и реупотреба на отпадоци" со партнер училишта од Шпанија, Италија, Полска и Романија реализирани се посети на филтер станица, фабрика за рециклирање на пластика, Музеј на град Куманово, на Градоначалникот, градот Охрид, Меморијален центар АСНОМ, црква „Св. Ѓорѓи" во Старо Нагоричане. Беа релизирани и работилници: ECO – ART, компјутерски игри за сортирање и справување со отпад, мерење на количина на отпад во семејставата - домаќини на учениците и музичка работилница. На завршната манифестација беше организирана и изложба од ECO –ART работилницата
- онлајн работилница во рамки на проектот GOAL! – *Ready?Go!*

- пригодно беше одбележан првиот училишен ден за учениците од прво одделение

- со пригодни активности беше одбележана Детска недела:

- на свечена приредба извршен е прием на првачиња во Детската организација на која присуствуваа и деца згрижени во Детската градинка „Ангел Шајче" Куманово
- цртање во дворот на Училиштето
- посета на Градоначалник на Општина Куманово од ученици од прво одделение

- продолжи со работа училишниот разглас и *Радио Рацин* преку кое учениците континуирано се информираат за тековните активности и се читаат едукативни предавања

- спроведени се повеќе еко – активности:

- *21 Септември - Ден на светска акција за чистење* од страна на Локален совет за превенција на Општина Куманово учествувавме во акција за чистење на Булевар „Октомвриска револуција“ со цел подигање на јавната свест
- чистење на училишен двор и блиската околина под мото *Заедно за чисто маало,* заедно со вработените од градинката „Ангел Шајче“, клон „Пчелка“, книжарницата „Хриана“, ЈП „Чистота и зеленило“, ЗГ „Кумановски акцијаши“ и „Не биди ѓубре“, соседи и родители
- кастрење и уредување на дрвја и грмушки во Училишниот двор
- учество во акцијата *Засади дрво не биди трупец* во Централното и подрачното училиште во с. Биљановце
- садење на дрвја во населба Бедиње во соработка со ЗГ „Кумановски акцијаши“
- поставување на картонски контејнери во ходниците за селектирање на отпад
- континуирано собирање на пластични капачиња, пластичен отпад, хартија и батерии
- ликовен конкурс на тема *Рециклираме, твориме и штедиме заедно со Елколект и Шпаркасе Банка* по повод меѓународениот ден за рециклирање на електронски отпад
- собирање на пластичен отпад и изработка на скулптури за учество на конкурсот на тема *Создавај уметност, а не ѓубре*

- наши ученици и наставници учествуваа на повеќе манифестации, работилници, настани и хуманитарни акции:

- хепенинг на тема *Мир и слобода*, подржана од Општина Куманово и Фондација за култура и спорт со ликовни творби, по повод Меѓународниот ден на мирот, 21 Септември
- 24 детски фестивал *Распеани срца* во Штип каде нашиот ученик освои прво место и учествуваше на меѓународен фестивал во Р. Босна и Херцеговина
- ликовен хепенинг на тема *Пчеларство*, организирана по повод ,,Денови на медот 2019"
- настап на хорот на наставниците *Рацин* на прослава на државноста на Република Кина и по повод Патрониот празник на НУЦ „Трајко Прокопиев“
- показна вежба организирана по повод празникот 8 Септември - *Заедно за граѓаните*
- *Заедно за безбедно лето,* организиран од СВР Куманово и Општински совет за безбедност на сообраќајот
- *Европски денови на културно наследство*, под мото *Уметност и забава,* десетина наши ученици од 5-3 одд. учествуваа на детска креативна работилница *Сподели богатсво*
- забава организирана од ,Ротари клуб" во чест на петтгодишната соработка
- проследен документарен филм *Медена земја*
- учество на хор, солисти, уметници и гимастичари од нашето Училиште на уличен фестивал *КуманиУм*, организиран од граѓанскиот центар „АктивУм“, во соработка со Општина Куманово
- манифестација *Етно вешта жена, вешто дете 2019*

- ликовна работилница *Мојот град* организирана од Здружение за воспитување и грижа на децата за изработка на макети од картон со мотив *Архитектонски знаменитости на Куманово*
- промоција на видео запис од одржаниот прв *Меѓународен фолклорен фестивал Куманово 2019* од страна на КУД „Панче Пешев" Куманово
- превенција против детско престапништво во СВР Куманово
- делење флаери за почитување на сообраќајните правила и прописи и за безбедно движење во сообраќајот, во рамки на кампањата *Време е! Разбуди ја свеста и кажи стоп за смртта на патиштата*, по повод Светски ден на сеќавање на жртви од сообраќајни незгоди
- едукативна трибина во СВР Куманово на тема *Врсничко насилство*
- новогодишен базар организиран од 9 одд. по предметот иновации
- манифестација *Дедо Мраз на мотор* во организација на мото клубот „Мечки"
- новогодишна работилница во детскиот оддел на Градска библиотека
- новогодишен прием и донација за дете со телесен инвалидитет од страна на учениците на 8-1 одд.
- изработка и изложба на макети по предметот физика на тема *Енергија на еден остров и Топлинска изолација*
- собирање храна по повод Светскиот ден на храна, за ученици од 2 до 6 одделение од социјално загрозени семејства од нашето училиште
- уплатени по 10.000 ден за хумани цели по доставен апел за помош за Сандра Ангеловска од Крива Паланка и Јована Станковска од Куманово
- хуманитарна акција за собирање на училишен прибор
- крводарителска акција организирана од Училиштето, Советот на родители и *Ротари клуб*
- предавање од СВР Куманово на тема *Насилство помеѓу учениците и поврзаност со навивачкитре групи*
- училишната сообраќајна единица (УСЕ) делеше флаери на возачи за безбедност во сообраќајот (врзување на сигурносен појас)
- турнир во мал фудбал организиран од СВР Куманово – Отсек за превенција
- интерактивна работилница во Градска библиотека
- онлајн литературен натпревар *Мултиетничка комуникација во решавање на заеднички проблеми/Секој предизвик е можност за меѓусебно зближување*

- организирани се повеќе приредби во холот на Училиштето и подрачните училишта на кои присуствуваа ученици, родители, претставници од Општината, невладини организации и здруженија на граѓани. По повод 8 –ми Март, во холот на Училиштето беше организирана музичко – поетска вечер на која присуствува вработените и локалното население.

- по повод Месец на книгата се реализираа повеќе активности:
    - ликовен и литературен натпревар во поезија и проза во Градска библиотека
    - посета на Градската библиотека „Тане Георгиевски" - детски оддел
    - натпревар Млади библиотекари
    - организирано литературно читање во градинката „Ангел Шајче" Куманово, клон „Пчелка"
    - присуство на завршна манифестација по повод Месецот на книгата

- потпишани се Меорандуми за соработка со: Здружение за унапредување на образованието, културата и спортот *Образование за сите* Скопје и планинарско друштво *Козјак 2013*

- продолжи соработката со *Црвен Крст* – Општинска организација Куманово
- продолжи соработка и со ЗГ *Кумановски акцијаши*
- во рамките на соработката со Дом за стари лица *Зафир Сајто* – Куманово, 35 ученици од 5-то одделение со пригодна приредба се вклучија во завршницата на одбележувањето на *Недела на стари лица*
- Училишниот спртски клуб оствари соработка со *EFR Куманово* за спортска гимнастика, акробатика и паркур, како и со планинарско друштво *Козјак 2013*

- *Ротари клуб и* книжарница *Херби* донираа ранци и училишен прибор за учениците од подрачните училишта
- *Алфи техноцентар* донираше новогодишна елка и украси во ПУ с. Добрашане
- *Ротари клуб* Куманово и *Инервил клуб* донираа новогодишна елка и украси за ПУ с. Орашац и пакетчиња за сите подрачни училишта, како и математичко помагало за ученици од прво одделение во Централното училиште
-*Авто мото* Куманово донираше новогодишни пакетчиња за ученици од социјално загрозени семејства од прво до петто одделение во Централното училиште

- продолжи естетско и функционално уредување на просторот во Централното училиште и поставени се предупредувачки сообраќајни знаци на приодот на Училиштето, како и уште еден телевизор во училница во предметна настава. Во подрачните училишта исцртани се едукативни игри, во ПУ с. Доброшане - на асфалтираниот дел пред Училиштето, а во ПУ с. Биљановце – на подот во училницата и поставено е детско игралиште со рекреативни реквизити од страна на Општината и обезбеден донатор на средства за уредување на спортскиот терен
- во рамките на проектот *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците* изготвена е и програма во рамки на која реализирана е посета на Зоолошка градина со ученици од трето одделение и кино *Милениум* Скопје со ученици од предметна настава
- продолжи проектот *Безбедни училишта* преку:
  - предавања на тема *Превенција од болести на зависности и Опасност од петарди* за ученици од предметна настава
  - работен состанок со претставнци на Училиштето, Совет на родители, УО, Општината и СВР Куманово за безбедноста во сообраќајот на приодниот пат до Училиштето
- континуирано се собира пластичниот отпад во рамките на училишниот проект *Цери*

- во рамките на програмата за работа со ученици со ПОП реализирани се следниве активности:
  - инклузивниот тим на Училиштето изготви ИОП – и за ученици со ПОП
  - во рамките на програмата за работа со ученици со посебни потреби реализирани се предвидените активности за овој период, учениците се следени на ниво на паралелки, а со одреден број работеше и дефектологот на училиштето. Во рамките на проектот Општинско корисна работа на Општина Куманово и оваа учебна година продолжија со работа шест образовни асистенти.
  - конференција Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје на тема *Образование за сите - јазик за сите во училиште*
  - онлајн обука *Инклузивно образование*
  - мултиетничка инклузивна штафетна трка организирана по повод 500 години постоење на нашиот град
  - *Мирен марш за правата на лица со попреченост* организиран од „Порака наша“ по повод 3 Декември - Меѓународен ден на лица со попреченост

- роденденска забава на пријателите од „Порака наша"

- оваа учебна година реализиран е еднодневен излет со рекреативен карактер до Меморијален центар со учениците од второ до деветто одделение, додека сите планирани екскурзии не се реализирани поради пандемијата.

- одржани се 5 (пет) состаноци на наставнички совети со физичко присуство и 8 (осум) онлајн состаноци

- одржани се четири Совети на предметни наставници (од кои два онлајн) и четири Совети на одделенски наставници (од кои два онлајн)

- редовно се одржувани состаноците на стручните активи

- состаноците на Ученичкиот парламент редовно се одржувани и избран е ученичкиот правобранител и негови заменици ( до период на прогласување на пандемија)

- одржани се советувања на родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки и нередовно посетување на наставата (по завршување на првото тримесечје и првото полугодие во Централното училиште и ПУ с. Орашац)

- следен е наставниот процес од страна на директорот и стручните работници, според однапред изготвена процедура и распоред (до 10.03.2020)

- во период на изведување настава од далечина, на двата класификациони периоди направена е анализа на реализирање на наставата од далечина за применети методи и алатки (во прилог на извештајот)

- спроведена е самоевалуација за работата на училиштето со почитување на сите мерки за заштита препорачани од Министерството за здравство

- се следат постигањата на учениците со ПОП според изготвените ИОП-и

- во овој временски период наставниците ги посетија обуките:

- работилници за практична работа за наставници кои изведуваат настава по предметот Природни науки во петто и шесто одделение
- „Подобрување на квалитетот на физичкото образование на ниво на основното образование и презентирање на неговата важност и значење за здравјето и доброто на генерациите кои доаѓаат“ во организација на ФФОСЗ, во Скопје, во рамки на проектот *Тандем наставници*
- *Паметно планирање на настава во one ONenote тетратка*
- конференција Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје на тема *Образование за сите - јазик за сите во училиште*
- за изготвување на апликации за *Еразмус* + проекти од страна на педагогот на Училиштето
- *Подгответе се за авантура*, методика за наставници по англиски јазик, организиран од издавачки куќи *Пирсон и Сент Џорџ*
- напредна обука за човечки ресурси
- за користење на лифткар (помагало за лица со попреченост) од страна на двајца наставници од предметна настава и двајца претставници од технички персонал
- за прва помош одржана од д-р Драган Стојановски со вкупно 15 наставници
- конференција за наука и образование во Банско, Р. Бугарија посетена од 5 наставници од одделенска и предметна настава
- обука за италијански јазик ПИЛДА организирана од Филолошки факултет Скопје, *Развивање на пишувањето на различни нивоа на разбирање*
- посета на обука *Школа за современи директори на училишта за основно и средно образование*
- посета на обука *Интеркултурно образование*

- семинар за спортски тренери и спортски педагози
- онлајн обука *Инклузивно образование*
- онлајн семинар за изработка на проекти за отворени повици за грантови
- интернет коференција *Енергетки ефикасни училишта*
- онлајн обука *Асшекти на демократска клима во училиште*
- онлајн обука за наставници по англиски јазик организирана од *Express Publishing*
- онлајн конференција за наставници и претставици на општините на тема *Енергетски ефикасни училишта*
- онлајн конференција за наставници и претставици на општините на тема *Училишта на сончева енергија*
- онлајн обука спроведена од Бирото за развој на образованието за наставниците по англиски јазик од основните училишта за новите наставни програми од I до IX одделение, кои ќе се имплементираат почнувајќи од септември 2020 г.

Нашите ученици учествуваа на училишни натпревари и на сите натпревари во организација на БРО и други институции, како и на распишани конкурси по одредени предмети и на одредени теми. Поради прекин на наставата со физичко присуство на учениците, регионалните и државните натпревари по поедини предмети не се одржани, додека по некои предмети се одржани онлајн, по завршување на наставната година.

Во посочениот период нашите ученици кои освоија 98 поединечни и/или екипни награди/места од кои на регионално ниво 11-првци, 1- втора и 8- трети награди, на општинско ниво – 27 први, 23 втори и 15 трети награди/места; на републичко ниво – 5 први, 2 втори и 3 трети награди/места; на меѓународно ниво – 1 прво и 1 трето место.

На крајот од наставната година беше прогласен Ученик на генерација во присуство на преметни наставници од деветто одделение и родители на ученикот, почитувајќи ги мерките на претпазливост.

Како и минатите учебни години, анализата на успехот на учениците се врши по полова и национална структура, според *Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата*. Анализата на успехот на учениците според половата структура дава јасни и корисни податоци за постигањата на учениците. Што се однесува до анализата по национална структура на учениците, истата не придонесува за некои конкретни согледувања и споредби, бидејќи нашето училиште има 97,21% Македонци, 2,15% Срби, 0,24% Роми и 0,39% други.

Оваа учебна година во одделенска настава (четврто и петто одделениуе) - 80,00% се одлични, 15,00% многу добри, 3,50% се добри и 1,50% се доволни. Во предметната настава, т.е. од шесто до деветто одделение 56,04% од учениците се одлични, 24,50% се многу добри, 17,12% добри и 2,34% се доволни.

Реализацијата на наставата во четвртиот класификационен период во одделенска настава во најголем процент (94%) се одвива преку насочување кон ТВ Училница, како и во третиот класификационен период (зголемена е за 8 %). Креаирање на презентации од страна на наставници е 84%, однпосно на исто ниво како во третиот класификационен период. Он-лајн комуникација со учебниците (72%) бележи пад од 6%, како и снимање на анимации и видеа, пад од 2%. Насочување кон ТВ училница, е-учење од Wеб страна на Училиштето, телефонски комуникации и поставување линкови бележат пораст од 6 – 10%.

Во предметна настава најголемен дел од наставниците во реализација на наставата преку далечинско учење воспоставиле он-лајн комуникација со учениците - 87,80% ( 82%); 80,49% (77,50%) примениле креаирање презентации, 70,73% (62,50%) примениле поставување текст; 68,29% (60%) Е-учење на веб страна на училиштето, 46,34% (45%) насочување кон ТВ училница, а 21,95% (30%) снимање анимации и видеа. Притоа вудеоконференциската платформа ZOOM од страна на еден наставник е користена за реализигање на интерактивна настава со 10 часови неделно (по два во секоја паралелка

поединечно) и еднаш неделно час на одделенска заедница(секој час трае 40 минути). Вкупно одржани 90 часови редовна настава и 9 часови на одделенска заедница во овој период, како и 8 дополнителна настава (по 40 минути).

Од средства за електронска комуникација во одделенска настава најчесто е користена електронска пошта -84,00% (зголемено за 14% во споредба со третото тромеечје). Употребата на видеоконференциски платформи Messenger, Skype, а сега и преку ZOOM е 20,00% (помалку за 6%). Комуникација преку текстуални пораки преку messenger, Viber и Facebook е 70% (зголемена за 44%). Во предметна настава како средство за електонска комуникација најчесто е користена електорнска пошта 92,68% (95 %), како и групите на социјалната мрежа мрежа FB Messenger 56,10% (52,50 %), а од видеоконференциските платформи ZOOM од 36,58% (30%) од наставниците.

Од едукативните алатки во одделнска настава најчесто е користена EDIUNO - 90,00% (за 4% повеќе од третото тромесечје). Едукативната алатка ZOOM се користи за 4,00% повеќе. Во предметна настава најчесто користени едукативни алатки во предметна настава се ZOOM - 53,66% (42,50 %) и EDUINO – 46,34% (40 %). Edmodo примениле 9,76% (12,50%), а групи на социјални мрежи – FB, Messenger - 7,32% (5%). Алатките за споделување на материјали Kahoot, Quizlet, Liveworksheets, Learningapps се користени од наставниците по англиски јазик 7,50% (5%) – на ниво на предметна настава.

Во одделенска настава најмногу користени техники и методи за формативно оценување се контролните задачи (72,00%) преку платформите ZOOM, Quizizz, messenger, Wordwall, со ист процент и на двете тромесечја. За 18,00% се зголемени Skype, Viber дискусии. Есејските прашања преку е- пошта, проектни/истражувачки задачи и тестови на знаења бележат пад од 8,00 – 20,00%. Во предметна настава за формативно оценување на напредокот на учениците најчесто се користени проектни/истражувачки задачи – 36,58% (22,50%). Есејски прашања (преку е –пошта) користеле 31,71% (35%) од наставниците, изработка на проекти – 26,83% (25%), проектни/истражувачки задачи – 35% (22,50%), fb Messenger дискусии – 7,32% (17,50%), Viber дискусии – 7,32%. Тестовите на знаења најчесто се применувани како Word документ – 19,51% (15%), а од наставниците по англиски јазик се користени алатките за споделување Kahoot, Edmodo, Google forms – 12,20% (12,50%). Контролните вежби најчесто како Word документ – 9,76% (10%), а често и како квизови на Edmodo, Google Classroom, English Exercises, Kahoot – 4,88% (7,50%), особено од наставниците по англиски јазик. Наведени се и примери на оценувањето кое се одвивало преку двонасочна комуникација со учениците за време на часовите на ZOOM, со примена на различни форми: усна повратна информација, аналитичка скала за оценување, техника на самооценување, бодовна скала и примена на тестови на различни тежински нивоа, како и пишана повратна информација за секоја изработка и домашна задача преку е-пошта и на Messenger.

Во одделенска настава ученичкото портфолио содржи најмногу докази од фотографии на контролни задачи и домашни работи – 76,00% (за 2,00% повеќеод претходниот период) и снимки од цртежи, постери, албуми – 74,00% ( за 4,00% помалку). Чек листите, писмените работи и слики однаставни ливчиња и изработки, како и усно испрашување е застапено во ист процент како и на претходното тромесечје. Цртежи, постери, албуми заклучоци од реализирани истражувачки активности снимки на докази за говорно и музичко творештво докази за самооценување на самите ученици бележат пад од 2,00 – 4,00%. Во предметна настава ученичкото портфолио содржи домашни работи- 82,92% (77,50%), презентации од ученици – 63,41% (57,50%), чек-листа – 53,66% (50%), фотографии на контролни задачи – 43,90% (55%), цртежи, постери, албуми – 43,90% (37,50%).

**Среден успех на учениците од четврто до деветто одделение**

| учебна год. | 2017/18 | | | 2018/19 | | | 2019/20 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одделение | сите | маш. | жен. | сите | маш. | жен. | сите | маш. | жен. |
| IV | 4,57 | 4,51 | 4,63 | 4,63 | 4,57 | 4,70 | 4,70 | 4,59 | 4,82 |
| V | 4,47 | 4,37 | 4,58 | 4,61 | 4,57 | 4,65 | 4,72 | 4,69 | 4,75 |
| VI | 4,24 | 4,24 | 4,24 | 4,25 | 4,10 | 4,40 | 4,37 | 4,20 | 4,54 |
| VII | 4,14 | 3,94 | 4,34 | 4,24 | 4,20 | 4,27 | 4,27 | 4,12 | 4,42 |
| VIII | 3,95 | 3,63 | 4,26 | 3,96 | 3,76 | 4,16 | 4,08 | 3,98 | 4,18 |
| IX | 4,15 | 3,90 | 4,39 | 4,10 | 3,76 | 4,45 | 4,22 | 4,01 | 4,43 |
| VI-IX | 4,11 | 3,92 | 4,31 | 4,13 | 3,94 | 4,31 | 4,24 | 4,08 | 4,40 |

Констатираме дека средниот успех на учениците во изминатите три години е над 4,00, со исклучок на осмо одделение, каде е нешто помал од 4,00.

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година изречени се повеќе педагошки мерки: усна опомена на 32 ученици, писмена опомена 10 ученици, укор на 2 ученика, додека на 2 ученици им е намалено поведението. За сите изречени педагошки мерки е испочитувана Законската процедура: писмени покани до родителите, писмено Известување на родителите како и Записник од одржаните разговори со родителите и учениците.

Годишната програма за работа на ООУ„Кочо Рацин“ Куманово во учебната 2019/20 година сметаме дека е успешно реализирана, со оглед на околностите.

- сите активности и постигнати резултати редовно се промовирани на училишната веб страна и локалните, регионалните и државни медиуми
- детектирани се талентирани и надарени ученици со примена на прашалници и оформена база на податоци и истите беа вклучени во додатна настава и вонннаставни активности
- особено се работеше на реализација на проектите Erasmus + (GOAL! и ESCEI) и бевме домаќини на партнер училишта од проектот ESCEI
- се спроведе самоевалуација на работата на училиштето
- За промовирање на детските права во Училиштето е избран ученик правобранител со мандат од две години
- за подобрување на квалитетот на наставата во планирањата на сите наставници беа конкретизирани методите и инструментите за оценување по теми и изготвени полугодишни и годишни анализи на нивната употреба, од страна на наставниците како и на ниво на Училиштето
- направена е анализа на реализирање на наставата од далечина за применети методи и алатки на ниво на училиште
- секој наставник, на полугодие и на крај на учебната година изготви извештај за сопствената работа – релизација на редовната, дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, како и применети методи, техники и инструменти за наставата со физичко присуство на учениците, како и за реализација на онлајн наставата
- за секој наставник се води педагошки картон на полугодието и на крајот од учебната година
- во текот на учебната година следени се и постигањата на децата со ПОП инклузирани во редовната настава според изготвен ИОП

- во текот на првото полугодие, од страна на директорот и стручните соработници редовно се посетувани наставните часови, според однапред изготвен распоред, во склад со процедурата, а беа одржани и повеќе нагледни/отворени часови
- беше релизирана и Законската обврска за Советување на родителите чии деца нередовно посетуваа настава и не постигнуваа задоволителен успех во учењето (на крај од прво тромесечие и на крај од првото полугодие)

Изработиле:
Кети Б. Доцевска – психолог
Владица Наковска – психолог
Сашка Стаменковска – педагог

Директор
______________________
Лидија Пешевска